Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран


**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев" – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***



***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А


**ПРЕДГОВОР**......................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА.....................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО.....................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ............................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ..................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЦОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН...........................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“..................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Цалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.........................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро..........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот................................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.................................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион.................................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран....................................................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)....................................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион....................................................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран....................................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран....................................................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран....................................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион.....................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион.....................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза.......................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион.....................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион" одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Доц. д-р Никола В. ДИМИТРОВ**[21]
**М-р Душко ЈОШЕСКИ**[22]

# ОСНОВНИ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ПАРАМЕТРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДОЈРАН

**Абстракт**

Општина Дојран повеќе децении го има туристичкиот предзнак. За унапредување на туризмот важни предуслови се и социо-економските параметри. Сепак, во последните години дел од наведените параметри во континуитет бележат неповолни процеси кои имаат негативно влијание врз развојот на туризмот.

Во рамките на дозволениот простор ќе прокоментираме за дел од социо-економските параметри за кои цениме дека заслужуваат внимание во насока за унапредување на туризмот во Општина Дојран.

**Клучни зборови**: Општина Дојран, социо-економски параметри, туризам

## BASIC SOCIO-ECONOMIC FACTORS FOR TOURISM PROMOTION IN THE MUNICIPALITY DOJRAN

Abstract

Municipality Dojran decades has tourist prefix. For the promotion of tourism important pre-conditions are socio-economic parameters as well. Yet, in the last years part of the listed parameters in continuity show an unfavourable processes which negatively influence on the tourism development. In the allowed space we willmake comments for the part of the socio-economic parameters for which we appreciate that they deserve the attention in a direction of tourism promotion in th emunicipality Dojran.

**Keywords**: Municipality Dojran, socio-economic parameters, tourism

[21] Доц. д-р Никола Димитров, Универзитет “Гоце Делчев” - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, е-мејл: nikola.dimitrov@ugd.edu.mk
[22] м-р Душко Јошески, Универзитет “Гоце Делчев” - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, е-мејл: dusko.josevski@ugd.edu.mk

**Вовед**

Општина Дојран како езерско-туристичка дестинација најголем интерес за посета и престој има во текот на летната сезона. Меѓутоа, ваквиот пристап делумно е условен и од ограничените социо-економски можности за прифаќање и престој на поголема маса туристи во текот на целата година. Во контекст на ова ќе следат неколку табели за основните социо-економски параметри на уште осум други градови-општини, во кои туризмот има значително влијание во нивниот економски развој. Така, во аналитичкиот примерок земени се градовите: **Скопје** - главен град и важна туристичка дестинација во Р. Македонија, **Тетово** – втора општина по бројот на угостителски капацитети, па **Битола и Гевгелија**, градски места и туристички погранични општини, понатаму **Струга и Охрид** – туристички градови и општини на брегот на Охридско Езеро, **Ресен** – градска населба и општински центар во туристичката зона на Преспанското Езеро, и **Крушево** – град и општина како зимско-летен туристички центар.

1. **Основни популациски показатели**

Според последниот попис на населението, домаќинствата и становите од 2002 година, Општина Дојран имала 3426 жители, 1021 домаќинство и 2116 станови, со просечен број од 3,36 члена по домаќинство. Бројот на население во 2010 година, во споредба со пописот од 2002 година, се намалил за 88 лица (или за 2,5%) и изнесувал 3338 жители. Од двата податоци за населението, се гледа, дека Општина Дојран во вкупното население на Р.Македонија има незначително учество од само 0,16%.

Според етничка структура во општината доминираат Македонците со 77,1% (2641 лица), потоа следат Турците со 11,7% (402 лица), Србите 8,1 % (277 лица), Ромите 1,7% (59 лица) и т.н. Во Општина Дојран има 80 неписмени лица или 2,3%, потоа 715 лица се со некомплетно основно образование или 20,8%, па 907 лица се со основно образование (26,5%), со средно 928 (27,1%) и со вишо и високо образование 146 лица или 4,2% од вкупното население.

Според процена, во Општина Дојран, од вкупното население од 3338 жители
(во 2010 година), доминирала средната старосна група (од 20 до 64 години) со 2128 лица или 63,7% , втора била младата старосна група (0-19 год.) со 748 лица или 22,4% и третата возрасна група (од 65 години на патаму) со 462 лица (13,8%).

Според пописот од 2002 година, Општина Дојран имала 2765 лица (80,7%) на возраст од 15 и повеќе години, од кои 1434 лица биле економски активни (51,8%), и 1331 лице економски неактивни. Од вкупниот број економски активни 1008 биле вработени (70,3%) а 426 невработени лица (29,7%).

Во прегледот подолу следат споредбени популациски податоци за Општина Дојран (како најмалубројна општина) со осум избрани и погоренаведени општини.

Табела 1. – Број на жители во Општина Дојран и останатите избрани општини

*(состојба 30.06.2010 година)*

| **Општина** | **Вкупен број на жители** | **Во проценти (%)** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|---|
| Охрид | 54.759 | 2.66 | 26.962 | 27.797 |
| Скопје | 531.444 | 25.86 | 260.462 | 270.982 |
| Ресен | 16.215 | 0.78 | 8.136 | 8.079 |
| Дојран | 3 338 | 0.16 | 1.665 | 1.673 |
| Струга | 64.453 | 3.14 | 32.076 | 32.377 |
| Тетово | 89.730 | 4.37 | 45.069 | 44.661 |
| Битола | 93.585 | 4.55 | 46.002 | 47.583 |
| Крушево | 9.589 | 0.47 | 4.859 | 4.730 |
| Гевгелија | 22.951 | 1.12 | 11.384 | 11.567 |
| **Вкупно 9-те општини** | **886.064** | **43,12%** | 436.615 | 449.449 |
| ***Вкупно Р. Македонија*** | **2.055.004** | **100.00** | **1.029.848** | **1.025.156** |

Извор:ДЗС: Статистички годишник на Република Македонија, 2010, Скопје 2011 г.

Графикон 1. - Процентуално учество на избраните општини во вкупното население




Графикон 2. - Процентуално учество на избраните општини, според пол



Табела 2. – Население според старост во Општина Дојран
*(Состојба јуни 2010 година)*

| **Возраст** | **Се** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **3338** | 1665 | 1673 |
| **0** | **34** | 15 | 19 |
| **1-4** | **132** | 64 | 68 |
| **5-9** | **153** | 77 | 76 |
| **10-14** | **192** | 100 | 92 |
| **15 - 19** | **237** | 104 | 133 |
| **20 - 24** | **297** | 152 | 145 |
| **25 - 29** | **241** | 126 | 115 |
| **30 - 34** | **224** | 128 | 96 |
| **35 - 39** | **233** | 117 | 116 |
| **40 - 44** | **249** | 121 | 128 |
| **45 - 49** | **286** | 158 | 128 |
| **50 - 54** | **235** | 131 | 104 |
| **55 -59** | **217** | 103 | 114 |
| **60 - 64** | **146** | 71 | 75 |
| **65 - 69** | **138** | 62 | 76 |
| **70 - 74** | **139** | 59 | 80 |
| **75 - 79** | **105** | 45 | 60 |
| **80 - 84** | **52** | 23 | 29 |
| **85 и повеќе** | **28** | 9 | 19 |
| **Непозната возраст** | **0** | 0 | 0 |

Графикон 3. – Старосна пирамида на Општина Дојран
*(состојба јуни 2010 година)*




Од табелите и графиконите јасно произлегува, дека Општина Дојран популациски заостанува зад осумте општини, како според бројот, така и според останатата популацикса структура. Вакавата домицилна популацика слика на Општина Дојран, значи и извесно ограничување во развојот на туризмот.

Сепак, во унапредувањето на туризмот, особено во летната туристичка сезона, значително придонесува и привремено ангажираното население на определено вработување, што не е случај во останатиот дел од годината. Како и да е, во планирањето и развојот на туризмот, на демографската стуктура треба да му се посвети особено внимание.

## 2. Основни угостителски и сместувачки податоци

Развиеноста на угостителството е фактор за развоја на туризмот. Врз основа на податоците од Заводот за статистика, ќе ја споредуваме угостителската дејност на Општина Дојран со вкупното угостителство во наведените осум општини, и збирно во РМ. Во анализата се апсолвирани бројот на угостителските објекти, капацитетот – бројот на седишта и бројот на вработени.

Сумирано апсолвираните девет општини во угостителството на РМ, имаат високо учество од 45,8% за угостителските објекти, 42,3% за седиштата-капацитетот на објектите, и 54,4% за бројот на вработени лица. Рангирано, за трите елементи, на прво место доминира Скопје, а на предпоследно место е Општина Дојран (Види Табела 3.) Конкретно за Општина Дојран ги бележиме следните факти. Во Дојран бројот на угостителски објекти изнесува 23 со учество од 0,49%, бројот на седишта изнесува 1360 со учество од 0,71%, бројот на вработени лица изнесува само 69 со учество од 0,43%, односно според елаборираните параметри општината се наоѓа на осмото место.

Исто така, соодносот вработен / угостителски објект за Општина Дојрана изнесува, 3 вработени на угостителски објект, корелациониот коефициент помеѓу угостителските објекти и бројот на вработени е позитивен и изнесува 1,14, и искористеноста на угостителските објекти по седиште и гости, изнесува 37 гости на седиште.

Табела 3. – Капацитети во угостителството во Општина Дојран и избраните општини *(состојба 2010 год.)*

| Општина | Угостителски објекти | | Број на седишта | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Скопје | 927 | 19.56 | 34104 | 17.72 | 4526 | 27.91 |
| Тетово | 412 | 8.69 | 12379 | 6.43 | 1109 | 6.94 |
| Битола | 256 | 5.40 | 10153 | 5.28 | 1061 | 6.54 |
| Струга | 205 | 4.32 | 8207 | 4.26 | 591 | 3.46 |
| Охрид | 188 | 3.97 | 7592 | 3.94 | 906 | 5.59 |
| Гевгелија | 96 | 2.03 | 3794 | 1.97 | 376 | 2.32 |
| Ресен | 49 | 1.03 | 3326 | 1.73 | 149 | 0.92 |
| Дојран | 23 | 0.49 | 1360 | 0.71 | 69 | 0.43 |
| Крушево | 15 | 0.32 | 605 | 0.31 | 33 | 0.20 |
| ***Вкупно 9-те општини*** | **2171** | **45.80** | **81520** | **42.35** | **8820** | **54.39** |
| **Вкупно Р.Македонија** | **4740** | **100.00** | **192461** | **100** | **16216** | **100.00** |

Извор: Државен завод за статистика: Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија , Скопје 2011

Графикон 4. - Процентуално учество на избраните општини во угостителски објекти




Графикон 5. - Процентуално учество на избраните општини според број на вработени во угостиелството




Корелациониот коефициент помеѓу процентот на угостителски објекти во општините и бројот на вработени во истите е позитивен и изнесува 0.978. Ова значи дека за да се зголеми вработеноста во угостителството треба да се зголеми бројот на угостителски објекти и

бројот на седишта. Исто така, корелацијата помеѓу бројот на вработени во угостителските капацитети и бројот на жители изнесува 2.07%, односно доволен простор за нови вработувања во угостителството.

## 3. Капацитети за сместување во Дојран и другите избрани оптини

За потврдување на претходното следи и прегледот за сместувачките капацитети со кои располага Општина Дојран. Развојот на туризмот директно е поврзна и со капацитетите за сместување. Имено, врз основа на податоците од Заводот за статистика, ќе ги споредиме туристичките-сместувачките капацитети на Дојран со вкупните капацитети во РМ и посебно за наведените осум општини. Во анализата се апсолвирани бројот на сместувачки објекти-капацитети, бројот на соби, бројот на легла и бројот на вработени.

Сумирано апсолвираните девет општини во сместувачките капацитети во РМ, имаат високо учество од 67,9% за објекти за сместување, потоа од 78,9% за бројот на соби, па високо учество од дури 80,0% во бројот на легла, и 75,2% за бројот на вработени лица. Рангирано, за поголем дел од елементи, на прво место е туристичкиот центар Охрид, потоа следи Скопје, Ресен, па Дојран, Струга и т.н. (Види Табела 4.) Конкретно за Општина Дојран ги бележиме следните податоци. Во Дојран, бројот на сместувачки објекти изнесува 49 со учество од 10,1%, бројот на соби изнесува 1216 со учество од 7,5%, бројто на легла изнесува 3891 легло со учество од 8.6%, и бројот на вработени лица изнесува само 142 со учество од 2,6%. Според елаборираните параметри Општина Дојран се наоѓа на четврто место за бројот на сместувачки објекти, на петто место според бројот на соби и бројот на легла, додека пак според бројто на вработени е на седмо место.

Табела 4. – Капацитети за сместување во Општина Дојран и избраните општини

*(состојба 2010 год.)*

| Општина | Објекти за сместување | | Број на соби | | Број на легла | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Охрид | 72 | 14.81 | 4538 | 27.83 | 12422 | 27.52 | 929 | 17.06 |
| Скопје | 69 | 14.20 | 2240 | 13.74 | 5591 | 12.39 | 1054 | 19.36 |
| Ресен | 61 | 12.55 | 1701 | 10.43 | 5390 | 11.94 | 162 | 2.98 |
| Дојран | 49 | 10.08 | 1216 | 7.46 | 3891 | 8.62 | 142 | 2.61 |
| Струга | 24 | 4.94 | 1731 | 10.62 | 4868 | 10.78 | 265 | 4.87 |
| Тетово | 19 | 3.91 | 394 | 2.42 | 989 | 2.19 | 114 | 2.09 |
| Битола | 16 | 3.29 | 481 | 2.95 | 1296 | 2.87 | 311 | 5.71 |
| Крушево | 12 | 2.47 | 231 | 1.42 | 893 | 1.98 | 27 | 0.50 |
| Гевгелија | 8 | 1.65 | 339 | 2.08 | 777 | 1.72 | 1088 | 19.99 |
| ***Вкупно 9-те општини*** | **330** | **67.90** | **12871** | **78.93** | **36117** | **80.00** | **4092** | **75.16** |
| **Вкупно Р. Македонија** | **486** | **100.00** | **16306** | **100.00** | **45139** | **100.00** | **5444** | **100.00** |

Извор:Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија ,Државен завод за статистика, Скопје 2011

И со овие податоци се потврдува констатацијата дека Општина Дојран мора да ги валоризира природните и стите други услови за развој на туризмот. Од тука, развој на туризмот мора да биде постојан приоритет и преокупација не само на локалната заедница, туку и на државата пошироко. Така, само преку нови вработувања, нови инвестиции во објекти и слично, ќе се потврдат вредностите на туризмот како стопанска рентабилна гранка во Општина Дојран.

Исто така, соодносот вработен / сместувачки објект за Општина Дојрана изнесува, 3 вработени на смесувачки објект, корелационииот коефициент помеѓу сместувачките објекти и бројот на вработени е позитивен и изнесува 4,25, и искористеноста на сместувачките објекти по гости во летната сезона проценуваме дека просечно изнесува 11 гости дневно, а на годишно ниво од само 2 гости дневно.

И со овие бројки се потврдува претходно искажаното дека условите за развој на туризмот во Општина Дојран не се доволно искористени, во правец на нови содржини, капацитети, вработувања, инвестиции и слично.

Графикон 6. - Процентуално учество на избраните општини според сместувачки објекти, број на легла и број на соби




Графикон 7. - Процентуално учество на избраните општини според број на вработени во сместувачките капацитети



## ЗАКЛУЧОК

Сублимирано за основните социо-економски параметри на Општина Дојран можеме да констатираме, дека Дојран има недостаток на работна сила во туризмот и угостителството, а особено во летната сезона, дека сместувачките и угостителстките капацитети се недоволни, а тоа подразбира немање на конкуренција, разнообразност, што отвара сомнеж во квалитетот на понудата, услугите и слично.

За надминување на недостатоците во Општина Дојран, потребни се нови инвеститори, нови туристички содржини, а од тука и зголемување на економската и туристичката миграција, која меѓудругото ќе резултира и со зголемување на бројот на доселување на ново постојано население, и на гости-туристи во текот на целата година.

Како дел од решението, за развој на туризмот на Оптшина Дојран, е отварање на **слободна туристичка зона** со меѓународен предзнак, односно **ДОЈРАН - МЕЃУНАРОДНА ТУРИСТИЧКА ЗОНА**, давање по концесии на поголем дел од брегот на Дојранското Езеро за различна намена, како и на останатиот простор од општината, за развој на алтернативни туристичко- угостителски содржини, разновидно земјоделско производство, кои ќе доминираат во стопанскиот развој на општината.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Државен завод за статистика на РМ (2011): *Туризам во Република Македонија*, 2006-2010, Статистички преглед: Транспорт, туризам и други услуги, 8.4.11.01.681. Скопје, јуни 2011, стр. 34-37 и 42 (стр.43).
2. Државен завод за статистика. (2009): *Транспорт, туризам и други услуги: Туризам во Rепублика Македонија 2004 - 2008*, Статистички преглед: Скопје
3. Државен завод за статистика. (2009): *Статистички годишник на Република Македонија 2008,* Скопје.
4. Државен завод за статистика. (2012): *Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија*, Статистички годишник на Република Македонија, 2011, Скопје
5. Државен завод за статистика. (2012): Статистички преглед: Транспорт, туризам и други услуги; Туризам во Република Македонија, 2007-2011, Скопје
6. Државен завод за статистика (2004): Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002. Вкупно население, домаќинства и станови, според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година, Книга XIII, Скопје
7. Влада на Република Македонија. (2012): *Национална стратегија за развој на туризмот 2011*